**Одлука бр. 17**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на критериуми за номинација на тенисери до 20 години за стекнување на статус спортист-спортска надеж за 2023/2024 година**

Член 1

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја изврши селекцијата за номинација на тенисери за стекнување на статусот спортист спортска надеж според следните критериуми:

1. Државни прваци 2022 и 2023 година и најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2022 година до датумот на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2023 година
2. Државни прваци 2022 и 2023 година и Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2022 и моменталниот пласман на ранг листите 2023 година
3. Најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2022 година до датумот на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2023 година
4. Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2022 и моменталниот пласман на ранг листите 2023 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација на тенисери за стекнување на статус спортист спортска надеж за периодот 01.09.2023 до 30.06.2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година